# МАЗЕВ



ДАУТ ПАШИН АМАМ СКОПЈЕ 15—30 IX 1970



## МАЗЕВ ПЕТАР, сликар.

Роден 1927 година во Кавадарци.
Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1953 година.
Студиски боравок во Париз 1958 и 1959 година. Се занимавал со графика и сценографија. Сега работи како доцент на Техничкиот факултет во Скопје.
1966 — Самостојна изложба во Скопје
Групни изложби во земјата:
Од 1953 година како член на ДЛУМ изложувал повеќе пати слики и графики, учествувал на изложбите на групата ,,Мугри" и на изложбите на СЛУЈ во земјата.

1956 — Изложба на Петмината во Скопје
1956 — Изложба на Шестмината во Скопје
1957 — Изложба ,,Млади сликари" во Скопје
1958 — Изложба со Драгутин Аврамовски — Гуте во Скопје
1959 — Изложба со Иван Велков и Спасе Куноски во Скопје
1960 — Изложба на групата ,,Мугри" во Скопје
1960 — Изложба на слики со Спасе Куновски во Скопје
1960 — Изложба ,,Современа македонска уметност" во Белград
1961 — Изложба на групата ,,Мугри" во Белград
1961 — I триенале на ликовните уметности во Белград
1962 — Изложба ,,Современа македонска уметност" во Белград
1964 — II триенале на ликовните уметности во Белград
1965 — Изложба ,,Современа македонска уметност" во Собранието на СР Македонија во Скопје
1966 — IV Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак
Групни изложби во странство:
1955 — I медитеранско биенале во Александрија
1957 — Изложба ,,Современа југословенска уметност" во Милано
1957 — Изложба на југословенската графика во Кина, Бурма, Индија, Лион и Париз
1959 — Изложба ,,Младо француско сликарство" во Париз
1961 — IV Биенале во Александрија
1962 — Изложба ,,Современа македонска уметност" во Дижон
1963 — Изложба ,,Современа југословенска уметност" во Лозана
1964 — Изложба ,,Македонска современа уметност" во Лондон, Брадфорд и Даблин
1965 — Изложба ,,Уметноста во Македонија", во галеријата Пенелопе во Рим
1965 — Изложба ,,Савремена македонска уметност" во галеријата Ботеро во Торино
1966 — Самостојна изложба во Скопје
1966 — Изложба ,,Шест југословенски уметници" во Fränkischen galerie во Нирнберг, Штутгард и Западен Берлин.
1969 — Меѓународно биенале во Фиренца
1970 — НИМ ,,Париз — Десет македонски сликари"

Награди:

1959 — Наградата ,,Сапиро" на изложбата ,,Младо француско сликарство" во Париз
1960 — Октомвриска награда на СР Македонија
1965 — Ноемвриска награда на градот Скопје
1967 и 1970 — Награда Струшки вечери за сликарство
1968 — Награда ,,Нерешки мајстори" (најдобро дело на годината)
1968 — Награда ,,АСНОМ".

Адреса: Мазев Петар, Орце Николов 58 IV, Скопје.

## PETAR MAZEV, peintre

Né à Kavadarci en 1927.
1953 il a terminé ses études à l'Académie des Arts Plastiques de Belgrade. Voyage d'études à Paris en 1958 et 1959. Pratiqua la gravure et la scénographie. Actuellement il est docent à la Faculté Technique de Skopje.
1966 — Exposition individuale à Skopje

Expositions collectives dans le pays:

A partir de 1953 comme membre de DLUM il exposait plusieurs fois les peintures et les gravures, participait aux expositions du groupe ,,Mugri" et aux expositions de SLUJ dans le pays.

1956 — Exposition de ,,Cinq" à Skopje
1956 — Exposition de ,,Six" à Skopje
1957 — Exposition ,,Jeunes peintres" à Skopje
1958 — Exposition avec Dragutin Avramovski — Gute à Skopje
1959 — Exposition avec Ivan Velkov et Spase Kunoski à Skopje
1960 — Exposition du groupe ,,Mugri" à Skopje
1960 — Exposition avec Spase Kunoski à Skopje
1960 — Exposition ,,Art macédonien contemporaine" à Belgrade
1961 — Exposition du groupe ,,Mugri" à Belgrade
1961 — I Triennale des arts plastiques à Belgrade
1962 — Exposition ,,Art macédonien contemporain" à Belgrade
1964 — II Triennale des arts plastiques à Belgrade
1966 — IV Exposition Memorial de Nadežda Petrović à Čačak
Expositions collectives à l'étranger:
1957 — Exposition ,,Art macédonien contemporain" à Milan
1957 — Exposition de la gravure yougoslave: Chine, Birmanie, Inde, Lion et Paris
1959 — Exposition ,,Jeune peinture française" à Paris
1961 — IV Bienale en Alexandrie
1962 — Exposition ,,Art macédonien contemporain" à Dijon
1963 — Exposition ,,Art yougoslave contemporain" à Lausanne
1964 — Exposition ,,Art macédonien contemporaine" à Bratford, Londres et Dublin
1965 — Exposition ,,Arte in Macedonia oggi", dans la galerie Penelope à Rome
1965 — Exposition ,,Arte macedone contemporanea" dans la galerie Bottero à Turin
1966 — Exposition ,,Seche Jugoslawische Kunstler" dans la Frenkiscen galerie à Nuremberg, Stuttgart et Berlin Occidental
1969 — Biennale Internationale à Florence
1970 — Nîmes, Paris 10 peintres Macédoniens

PRIX:

1959 — ,,Prix Sapiro" à l'exposition ,,Jeune peinture française" à Paris
1960 — Prix d'Octobre de Macédoine
1965 — Prix de Novembre de la ville de Skopje
1968 — Prix ,,Maître de Nerezi"
1967, 1970 — Prix des ,,Soirés poétiques de Struga" —
Prix à l'exposition à l'occasion de ASNOM (Assemblée Antifasciste de la Libération Populaire de la Macédoine")

Adresse: Mazev Petar, Orce Nikolov 58 IV, Skopje, Yougoslavie.





16



2

8



*Отсуството на систем е сеуште*
*еден систем но посимпатичен.*

*Тристан Цара*

Влегувајќи во годините на својата творечка зрелост, Мазев го освојува она што наизглед ѝм противречи — ја изнаоѓа својата слобода. Се замислува дека сериозноста и свечениот лик ѝ одговараат на зрелоста. Напротив, зрелоста го обновува вкусот на играта. Се смета дека мудроста треба да ја донесе стабилноста на изнајденото. Во уметноста напротив, се чини дека новата авантура никогаш не била попривлечна. И, еве ја златната линија на ова сликарство. Во еден миг жртвувана, во име на дисциплината и интелектуалниот долг кон времето, првобитната слобода на гестот одново се враќа во сликата, се враќа не како помош или средство туку како содржина и цел. Бојата и светлината, две нешта од кои сликарството отсекогаш се хранело, одново се тие што го исполнуваат обновениот сликарски апетит. Мазев ги прескокнува оградите што веќе неговата генерација посакува да ги постави: многумина од неговите врсници стасуваат да ги сметаат догмата и стилот за една и иста добрина. Место концепт Мазев нѝ нуди израз, место симплификација — лирска употреба на материјата.

Веќе по инстинктот и темпераментот, а секако и по наследството, Мазев се продолжува на една култура чија доверба во ликовноста е безгранична. Навистина, дали постои еден ,,интернационален вкус" и еден ,,интернационален израз"? И да и не! Јазовите се огромни и безбројни. Мазев е гранка од она сребло израснато на Балканот како типично негова вегетација: корените му се во небото, плодоите на земјата. Сугестивноста, духовната афективност, создавањето на времето, така карактеристични за славјанската варијанта на византијскиот вкус, се и негови својства. Ако ги допира миговите на поновата европска традиција низ кои неминовно води нашето враќање кон себеси и изворите, тие за него веќе однапред ги исполнуваат истите услови: експресионизмот како анти-артифициелност, Пикасо како транспозиција, енформелот и постенформелот како пластичен апетит. Во сликарството на Мазев определувањата и категориите имаат посебна емоционална топлина.

Во контекстот на актуелната клима и актуелниот дуел меѓу сликарството и антисликарството, меѓу максималниот и минималниот ликовен ефект, меѓу лиризмот и хипер-рационалната контрола, Мазев недвосмислено се определува за првото. Она што е ликовен набој за него не може да биде заменето со ништо друго ниту може да биде самоуништено во името на извесна ,,идеја", колку и да изгледа разумно оправдана. Интелектуалната концесија, разбирлива во времето денес, го загрозува делото поставено во самото време. ,,Сегашноста" во сликарството на Мазев постои, но постои надвор од нејзините реквизити какви што би можеле да бидат градскиот фолклор и индустријската митологија. Сегашноста е како во детската глава, во датумите што се креираат низ сликата и играта. ,,Пејсажите" што се раѓаат, измислените ,,личности" што ги населуваат, се плод на еден нов распоред создаден низ топлата конверзација меѓу материјата со која се служи пред сѐ бојата, и раката што е со неа во необјасниво пријателство. Мазев поседува богат талент да го изрази ова пријателство.

Најпрвин тука е бојата. Масло или акрил, таа делува низ својата оптичка сензитивност, сетилно, не низ своите технолошки својства. Ова дејство е надвор од технолошкото време. Обременета со своите сопствени изразни средства, онака како што веруваше големиот Холанѓанец, бојата создава не само размножени количини што дејствуваат туку и безброј пејзажи што растат, се здружуваат, сраснуваат ширејќи се, опсипани со петна и конфети: буби што го облазуваат окото создавајќи ја онаа специфична еротика која надвор од визуелноста останува непреведлива. Почувствувана, веројатно, како пустина, основата на платното заживува низ љубовта што му се даава, низ материјата и светлината со која се населува. За Мазев, без сомнение, љубовта и изобилството, изобилството и гестот, одат заедно. Формата се раѓа заедн со густината, светлината, заедно со широкиот потег и великодушноста, цртежот и знакот заедно со обоената шара. ,,Фигурата" и ,,приказната" израснуваат од овој загреан процес како готова архитектура, изградена однатре низ својата органска мрежа што би можела да исчезне само низ спротивниот процес на разградување, во слоевите што низ времето на сликањето се наталожиле како страст и внатрешно време на сликарот.

Меѓу двете нешта, историјата на сликарството и историјата на личноста, на кои сликарот секако истовремено ѝм припаѓа но меѓу кои темпераментот одлучува за превазходната припадност, Мазев е без сомнение одреден од сопствената реконструкција на светот, сопствениот распоред на доживувањата. Оттука и затвореното, чисто ликовно значење на неговото сликарство. Очигледно, сликарството на Мазев нѝ дава идеја за еден однос, афинитет, внатрешен одговор, но никогаш превод, макар и ликовен, на една претходно готова идеја. Тој одговара на заедничките поттикнувања, на заедничката ситуираност во светот, но со сетило за кое однатре чувствува дека му е нему својствено и во него вата личност точно.

Убавината што се раѓа е плод на верувањето не на итрото покорување на авторитетот на еден канон. Оваа убавина е витална, повеќе љубов одошто ред, повеќе ритам одошто организација, повеќе енергија одошто промислено дејство. Во пределите што се раѓаат меѓу виденото и сонуваното, меѓу замисленото и пресоздаденото, разграничувањето е невозможно и непотребно. Има предели и светлини, ,,сцени" што постојат исклучиво на овие платна а што сепак во нас евоцираат некаква ,,историја": ноќни изблици на пламен, застрашувачки громади, морски прошетки — еднаш, манастирски медитирања — другпат. Можеби е тоа романтичната црта на ова сликарство, романтична по онаа своја одлика да го впие животот како првпат доживеан, со својата историја во воздухот и во нашата природна сила да вдишуваме. Онака како што цели цивилизации верувале дека светот е тоа што тие од него создаваат.

Премногу е да се тврди дека сликарството прави такви подели на она јадро каде што се збира животот, подели низ кои јасно ги здогледуваме поларизирани интелектуалната анализа и физичкото братимење во акцијата. Но инклинирањето кон едното или другото сигурно ги создава оние две основни струи, два вида сликари во современото светско сликарство. Мазев во своите последни слики, како и во првите, ја потврдува својата физичка, сетилна доверба во животот, во спонтаната вистина на својот ликовен апетит. Гаранцијата за здравјето е во самата сигурност. Во Авињон ја гледав најновата изложба на Пабло Пикасо, извонредно драгоцена токму по чувството дека за да се слика може да се отфрли многу, скоро сѐ, но никогаш фасцинираноста со светот и гладта да се пресоздаде. Ми се чини дека пред платната на Мазев ја препознавам истата порака.

Глигор ЧЕМЕРСКИ

*L'absence du système est toujours un système, mais, plus sympathique*

*Tristan Tzara*

Tout en atteignant sa maturité créative, Mazev retrouve sa liberté qui au premier vue y contredit. On s'imagine que le sérieu et l'aspect solannel correspondent à la maturité. Au contraire, la dernière renouvelle le goût du jeu. On pense que la sagesse doit apporter la stabilité au retrouvé. Dans l'art c'est different, il parrait que la nouvelle aventure n'a jamais était plus attirante. Et voilà la ligne dorée de cette peinture. La liberté primordiale du geste un moment sacrifiée au nom de la discipline et la dette intelectuelle au temps, retourne de nouveau dans la peinture, mais ce retour n'arrive que comme sujet et but et non comme secour. La couleur et la lumière, les deux premières ressources de la peinture depuis, toujours, sont de nouveau celles qui l'occupent. Mazev surpasse les barrières, que déjà sa géneration desire les dresser: beaucoup de ses collegues du même âge arrivent à mettre le dogme et le style sous le même toit. Au lieu de concept, Mazev nous propose l'expression, au lieu de la simplification-l'usage lyrique de la matière.

C'estl' instinct et le temperement, aussi bien que l'héritage qui font que Mazev continue une culture, dont la confience dans le plastique est infinie. En effet existe-t-il ,,un goût international" et ,,une expression internationale"? Oui et non! Les abîmes sont immenses et innombrables. Mazev représente une des branches de cet arbre desseché sur les Balkans comme sa végetation caractèristique: ses racines sont au ciel, ses fruits sur la terre. Ses particularités sont la suggéstion, l'affection spirituelle, la création du temps, tellement caractéristiques pour la variante slave du goût byzantin. S'il touche egalement les moments de la tradition européenne plus récente, à travers lesquelles est inévitablement conduit notre retour vers nous-mêmes et les sources, pour lui ils accomplissent déjà d'avance les mêmes conditions: l'expressionnisme comme l'anti-artifice, Picasso comme transposition, l'informel et le post-informel comme un appétit plastique. Dans la peinture de Mazev, les déterminations et les catégories sont douées d'une particulière chaleur emotionnelle.

Dans le contexte du climat et du duel actuels, entre la peinture et l'anti-peinture, entre l'effet plastique maximal et minimal, entre le lyrisme et le contrôle hipper-rationnel, Mazev sans ambiguité adhère au premier. Son idée de la compression plastique est irremplaçable, ni peut être autodétruit au nom d'une certaine idée, combien-t-elle parrait-il resonnable. La conception intelectuelle, compréhensible, aujourd'hui, menace l'oeuvre située dans le temps même. ,,L'actualité" existe dans la peinture de Mazev, mais elle existe en dehors de ses choses réquises, comme pourraient être le folklor urbain et la mythologie industrielle. L'actualité est semblable à la tête d'enfant dans les dates créees à travers la peinture et le jeu. ,,Les paysages" naissants, ,,les personnages" inventés qui les peuplent, sont le résultat d'un nouveau ordre réalisé durant la chaude conversation entre la matière qu'il emploie (avant tout la couleur) et la main y liée d'une amitié inexplicable. Mazev est doué d'un talent riche pour pouvoir expliquer cette amitié.

Tout d'abord la couleur y existe. Huile ou acrylique, elle agit par sa sensibilité optique, sensuellement et non par ses qualités technologiques. Cet action est étrange au temps technologique. Chargée de ses propres moyens d'expression, ainsi comme croyait le grand Hollandais, la couleur crée non seulement des qualités multipliées qui agissent, mais aussi d'innombrables paysages qui grandissent, se synthètisent, s'adhèrent, tout en s'elargissant, pleins de taches et de confetti: insects qui léchent l'oeil tout autour, en créant cette érotique spécifique qui en déhors de la visualisation reste intraduisable. La trame de la toile, probablement ressentie comme désert, commence sa vie grâce à l'amour et l'abondance; l'abondance et le geste vont bras dessus bras dessous. La forme et la densité, la lumière avec l'ample geste et la génerosité, le dessin, le signe accompagné de l'ornament coloré naissent simultanément. ,,La figure" et ,,le récit" surgissent de ce processus excité sous l'aspect d'une architecture terminée, construite de l'intérieur à travers son réseau organique qui ne pourrait dispraitre que par le processus opposé de la déstruction. Sur les couches que pendant l'action de peindre se sont déposées comme passion et temps intérieur du peintre.

Entre les deux choses, l'histoire de la peinture et l'histoire de l'art, auxquelles sertainement le peintre appartient simultanément, mais parmi lesquelles c'est le temperament qui décide de l'appartenance définitive, Mazev est sans doute déterminé par sa propre reconstruction du monde, par son propre ordre d'événements. D'ici la pure et fermée signification plastique de sa peinture. Evidamment, la dernière nous donne une idée d'un rapport, d'une affinité, d'une reponse intérieure, mais jamais une traduction, même plastique, d'une idée faite auparavant. Il repond aux impulsions communes, au placement commun dans le monde, mais d'un sentiment pour lequel il ressenti de l'intérieur qu'il lui appartient, immanent aussi à son indiviadualité.

La beauté qui nait est un fruit de la croyance à l'insubordination à l'autorité d'un canon. Cette beauté est vitale, plus amour qu'ordre, plus rythme qu'organisation, plus énergie qu'activité refléchie. La démarcation est impossible et inutile dans les paysages naissants parmi ce qui est vu et ce qui est rêvé, parmi l'imaginé et le recrée. Il y a des régions et des lumières, ,,scènes" existantes uniquement sur ses toiles et qui pourtant nous evoquent une certaine ,,histoire": surgissements nocturnes de flamme, masses epouvantables, une fois-des promenades de mer, une autre fois-des méditations de monastère. C'est peut-être le trait romantique de cette peinture, romantique du point de vue la manière à laquelle elle absorbe la vie comme vecu pour la première fois, d'après son histoire dans l'air et dans notre force naturelle d'inhaler. Ainsi que plusieurs civilisations croyaient que le monde est le résultat de leur création.

Il est trop de prétendre que c'est la peinture qui fait des divisons semblables juste au noyau oû la vie s'accumule, divisions qui nous permettent de voir clairement la polarisation de l'analyse intellectuelle et de la fraternisation physique dans l'action. L'inclinaison à l'un ou à l'autre certainement crée les deux courants principals, les deux genres de peintres dans la peinture contemporaine mondiale. Dans ses dernières peintures, ainsi qu'aux précedantes, Mazev confirme sa confiance physique et sensuelle en vie, en vérité spontanée de son appétit plastique. La garantie de la santé est dans la sureté — même. J'ai vu la dernière exposition de Pablo Picasso en Avignon, extraordinairement précieuse juste d'après le sentiment que pour peindre on peut rejeter beaucoup, presque tout, mais il ne faut jamais renoncer à la fascination du monde et à la faim de recreér. Il me semble que devant les tableaux de Mazev, je reconnais le même message.

Gligor ČEMERSKI



24

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „26 јули“ | масло | 172 × 133 | 1967 |
| 2. | „Желков дол“ | „ | 170 × 136 | 1970 |
| 3. | „Зуј во Раштена“ | „ | 141 × 170 | 1968 |
| 4. | „Змијата ќе скокне“ | „ | 135 × 135 | 1969 |
| 5. | „Бакарна бавча“ | „ | 65 × 90 | 1967 |
| 6. | „Ноќни плен“ | „ | 135 × 135 | 1968 |
| 7. | „Птичји профил“ | „ | 100 × 120 | 1970 |
| 8. | „Паклен пејсаж“ | „ | 200 × 100 | 1970 |
| 9. | „Син флуид“ | „ | 134 × 170 | 1969 |
| 10. | „Еден ден во Раштена“ | „ | 100 × 120 | 1970 |
| 11. | „Богато дрво“ | „ | 120 × 100 | 1969 |
| 12. | „Одмор“ | „ | 138 × 124 | 1969 |
| 13. | „Ноќен пејсаж“ | „ | 138 × 124 | 1970 |
| 14. | „Троска“ | „ | 65 × 90 | 1970 |
| 15. | „Крш“ | „ | 66 × 100 | 1968 |
| 16. | „Светец во сино“ | „ | 170 × 136 | 1968 |
| 17. | „Диптихон Жени“ | „ | 200 × 100 | 1969 |
| 18. | „Пролет и лето“ | „ | 77 × 98 | 1968 |
| 19. | „Жена и пејсаж“ | „ | 100 × 120 | 1968 |
| 20. | „Измислен пејсаж“ | „ | 130 × 85 | 1968 |
| 21. | „Пред селото“ | „ | 134 × 130 | 1967 |
| 22. | „Сино и црно“ | „ | 170 × 133 | 1969 |
| 23. | „Фантастичен пејсаж“ | „ | 133 × 130 | 1970 |
| 24. | „Богата гозба“ | „ | 140 × 130 | 1976 |
| 25. | „Манастирски пејсаж“ | „ | 257 × 134 | 1969 |
| 26. | „Мостот на синото“ | „ | 67 × 134 | 1970 |



DAUT PAŠIN AMAM
SKOPJE 15—30 IX 1970

# MAZEV